ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ
И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ
СКОПЈЕ

Институт за општествени и
хуманистички науки
Бр. 113/2017
21.06 2017 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

За избор на еден научен соработник во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје.

Со одлука на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, на својата редовна седница на Научно-наставниот совет одржана на 16.05.2017 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден научен соработник.

Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатот, со објавени трудови и примероци од објавените трудови кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката дејност на кандидатот.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на д-р Александар Таковски;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката дејност;
3. Оцена за исполнетоста на условите за избор во звањето научен соработник (еквивалент: доцент).

Комисијата во состав: проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Дона Колар-Панова, проф. д-р. д-р Маја Мухиќ по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Александар Таковски, роден на 31.01.1978 година дипломирал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на Катедрата за Англиски јазик и литература, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје во 2001 година.

Последипломските студии ги завршува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на Катедрата за Англиски јазик и литература, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје. Во 2009 година ја одбрани магистерската теза: „Семиотиката како соодветен теориско-методолошки модел за проучување на процесите на создавање значење кај рекламите, со посебен осврт на реклмните тизери" и се стекна со звање магистер по филолошки науки.

Во 2014 ја брани својата докторска дисертација: „Создавање на хуморот во фантастичниот роман: Јазик-Литература-Култура"на Катедрата за општа и компаративна книжевност при Универзитетот Св. „Кирил и Методиј" од Скопје и се стекнува со степен доктор на филолошки науки.

Од 2001година, односно од самото основање на Универзитетот на Југоисточна Европа, кандидатот почнува да работи како предавач на голем број предмети, од општ Англиски јазик и Англиски за посебни намени, Англиска книжевност, Педагошко пишување и Педагошка граматика, Синтакса Методи на истражување и пишување,како и Дискурсивна и текстуална анализа кои ги предава и на студентите од втор циклус на студии. Во студентските евалуации секогаш добивал многу позитивни оценки од студентите, а во рамките на интерните опсервации на наставниот процес.Исто така бил оценуван со високи оценки за неговите комуникативни, интерактивни и организациски вештини во раководењето со часовите.

Паралелено со работата на универзитетот, кандидатот работи и како преведувач, лектор и културолошкии јазички консултат за повеќе агенции и издавачки куќи меѓу кои и New Moment и Ars Lamina Publications.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

### 1. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот има богата истражувачка дејност во повеќе сфери меѓу кои: критичка анализа на дискурсот, анализа на политичкиот дискурс, применета лингвистика, прагматика, социјална семиотика, па се до извонредно интересните истражувања кои ги прави во полето на хуморот (политички, етнички и интернет хумор). Неговите интересипред сè се лингвистичките и дискурзивните форми, структури и стратегии на аргументирање и легитимизирање на ставовите и позициите на социјалните и политичките актери, спацијална, како и и дискурзивна конструкција на националните наративи, прагматика на политичкиот хумори конструкција на националниот идентитет низ етнички хумор. Меѓу темите на кои посветено работи, е и проблематиката на создавање на уталитаристички дискурс од страна на политичките елити.

### 2. Објавени трудови:

1. "Macedonia outside 'Macedonia': Denying name, silencing identity and obliterating presence". Written with NenadMarkovikj. To appear in 16 (6) issue of Journal of Language and Politics, 2017. http://www.jbe-platform.com/content/journals/10.1075/jlp.15006.tak

2. Александар Таковски. Семиотика на рекламните „тизери". [The semiotics of advertising teasers]. Арс Ламина, Скопје, 3 / 2017. ISBN 978-608-247-773-2.

3. Александар Таковски. Хуморот во современиот фантастичен роман. [Humour in the modern fantasy novel].Арс Ламина, Скопје, 3 / 2017. ISBN 978-608-247-772-5.

4. "Learning from Skopje 2014: Architectural spectacle in the 21st century". Written with Andy Graan. LA+: An Interdisciplinary Journal of Landscape Architecture. Vol. 5, pp. 66-73, 2017a. http://laplusjournal.com/ISSUE-05-IDENTITY

5. "The humour of Skopje 2014: Between effects and evaluations". In HUMOR. 29 (3). pp. 381–412. 2016. ISSN (Online) 1613-3722, ISSN (Print) 0933-1719, https://doi.org/10.1515/humor-2016-0022, "From joker to the butt and back: Ethnic identity (mis)construction through humour". In Language and Dialogue, 5 (1), pp. 128-151. 2015. ISSN 2210-4119 / E-ISSN 2210 4127, DOI: 10.1515/humor-2016-0022

6. From joker to the butt and back: Ethnic identity (mis)construction through humour. In: Language and Dialogue, Vol. 5 (1), pp. 128-151. 2015. ISSN 2210-4119 / E-ISSN 2210 4127, DOI: 10.1075/ld.5.1.07tak

7. "F!!! in the name of the father: Abusing the discourse of reproduction". In Bulletin of the Transylvania University of Brasov Series IV: Philology and Cultural Studies, 7 (56), pp. 91-108. 2014. http://webbut.unitbv.ro/BU2014/Series%20IV/BULETIN%20IV/06_06_Tak.pdf

8. "Redefining national identity in Macedonia: Analyzing competing origin myths and interpretations through hegemonic representations". Written with Maja Muhic, In Etnoloska Tribina, 44. (37), pp. 138-152. 2014. DOI: 10.15378/1848-9540.2014.37.05

9. "Texts are a-changing, are times catching up? On the divergence between the discourses of social change in Macedonia". In International Journal of Cross-Cultural Studies and Environmental Communication, 1 (1), pp. 135-144. 2014. DOI:10.5682/22853324 https://crossculturenvironment.wordpress.com/all-issues/no-2-2013-no-1-2014/

10. "Author-humour-text: The humour of Terry Pratchett as a mortal and as an author". In Сите лица на смешното: од Антиката до денес, pp. 247-266. 2013

11. "From agora to pandora: The unprecedented case of simple Skopje square". (recipient of Best Paper Award). Written with Maja Muhic. In Redefining Community in Intercultural Context, 2 (1), pp. 25-44. 2013.

12. "Advertising semiotics: The complexity of the communicatively modeled processes". In Esse: English Studies in Albania, 2 (2), pp. 24-46. 2011.

## 3. НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Д-р Александар Таковски ги предаваше предметите: „Општ англиски јазик", „Англиски јазик за посебни намени", „Англиска поезија„, „Жанровска фикција", „Педагошко пишување", "Педагошка граматика", „Педагогија на јазичните вештини", „Методи на истражување и пишување", „Дискурзивна анализа", „Текстуална анализа", „Вовед во синтакса"во рамките на Јазичкиот центар и на Факултетот за Јазици, култури и комуникации, на Универзитетот на Југоисточна Европа.

Д-р Таковски има посетено голем број на семинари и работилници со што се има стекнато со богато искуство во полето на образованието воопшто, како и во полињата на интерактивната настава и начините на евалуација.

Како резултат на голем број професионални обуки, Д-р Таковски има стекнато богато искуство од семинари и работилници во полето на образованието, интерактивната настава и начини на евалуација.

Целокупното образование на д-р Александар Таковски, а особено квалитетот на неговиот досегашен научно-истражувачки труд недвоиво сведочат за неговото познавање и владеење на научно-истражувачката методологија и пракса.

Досегашното научно-истражувачко и работно искуство, објавените трудови, учеството на бројни конференции, семинари, работилници и проекти, додипломското образование и завршените постдипломски студии, сведочат за упатеноста на д-р Александар Таковски во научното истражување.

## III. ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Попрегледувањето на приложените трудови, особено по прегледувањето на успешно одбранетиот докторски труд и по усогласувањето на поединечните мислења, констатирано е дека научната работа и истражувања на д-р Александар Таковски се развиваат и се фокусираат во однос на дисциплините и интердисциплинарните области од општествените и хуманистички науки.

### Заклучок:

Од приложената документација може да се константира дека: Д-р Александар Таковски има искуство во подготовка и реализација на научно-истражувачки проекти: изработка на инструменти за: анкети, интервјуа, анализа на податоци и пишување на научни студии. Неговата работа и трудови се базирани на самостојно работени истражувања и анализи, што покажува сериозно владеење на методологијата во општествените истражувања.

Темите кои ги опфаќа во својата научно-истражувачка работа, како и магистерскиот и докторскиот труд укажуваат дека кандидатот има дадено значаен придонес во општествените и хуманистичките дисциплини како аплициранаta лингвистика и дискурсивна анализа воРепублика Македонија.

Откако внимателно ја разгледа приложената документација, комисијата заклучи дека д-р Александар Таковски ги исполнува условите предвидени со Законот за научно – истражувачка дејност на Република Македонија, за избор во научно звање - научен соработник (еквивалент: доцент).

**Предлог:**

Запознавајќи се со научниот опус и наставените активности на д-р Таковски, можеме да заклучиме дека тој постигнал значајни резултати кои иматвлијание на развојот на науката и практиката во Република Македонија. Имајќи го предвид сето ова, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, д-р Александар Таковски да се избере во звањето научен соработник (еквивалент: доцент) при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

Рецензентска комисија:

Д-р Катерина Колозова, редовен професор,
Институт за опшстествени и хуманистички науки - Скопје, претседателка

Д-р Дона Колар-Панов, редовен професор,
Институт за опшстествени и хуманистички науки - Скопје, членка

Д-р Маја Мухиќ, вонреден професор,
Универзитет на Југоисточна Европа, членка